О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О
Градоначалник
Ул: "М.М.Брицо" бр. 40, Делчево
тел: 033/413-521    факс: 033/411 550
www.delcevo.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Број 1
30.01.2008 година

Службен гласник на Општина Делчево
Излегува по потреба
Гласникот е бесплатен

Уредува
Сектор за правни и општи работи
и ЛЕР

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување акти од 25. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

И

Да се објават во "Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево, ги донесе на својата **25.седница** одржана на ден **30.01.2008** година и тоа:

1.Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2008 година;

2Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2008 година;

3.Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Делчево за 2008 година;

4.Програма за работа на Советникот за образование, култура и спорт за 2008 година.

5.Заклучок за усвојување на Програмата за работата на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2008 година.

6.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Советник-комунален инспектор и овластен инспектор за заштита на животната средина за 2007 година;

7.Заклучок за усвојување на Планот за работата на Советникот-комунален инспектор и овластен инспектор за заштита на животната средина за 2008 година;

8.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на овластениот инспектор за сообраќај и патишта за 2007 година;

9.Заклучок за усвојување на Планот за работата на овластениот инспектор за сообраќај и патишта за 2008 година;

10.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на урбанистичко-градежниот инспектор за 2007 година;

11.Одлука за отпис на побарувања на физички и правни лица по основ на данок на имот и комунални такси во општина Делчево.

12.Одлука за утврдување на висината  на надоместокот за отстапување на рекламен простор во општинскиот весник "ИНФО Делчево";

13.Одлука за доделување на простории;

14.Одлука за разрешување на претставник на Советот на Општина Делчево во УО на ОЈУДГ "Всели Цветови"-Делчево;

ИИ

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| **Број 08-78/1** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **30.01.2008 година** | **НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **Д е л ч е в о** | **Мирко Иванов,с.р.** |

Врз основа на член 132 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, донесен на 22.11.2006 година, Советот на општината Делчево на својата 25. седница одржана на ден 23.01.2008 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Делчево за 2008 година**

Врз основа на дадените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, се изготвува Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2008 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа програма не се вклучени од било кои причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа.

Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на Општината, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државните органи.

Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата е како следува:

**Јануари/февруари**
1.Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2008 година;

2.Квартален Извештај;
-предлагач; Одделение за финансирање и буџет.
3.Одлука за отпис на побарувања на физички и правни лица по основ на даник на имот и комунални такси во општина Делчево.
-предлагач: Одделене за даноци, такски и надоместоци.
4.Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2008 година;
5.Програма за реконструкција, изградба и одржување на локални патишта и улици на подрачјето на општина Делчево за 2008 година;
-предлагач: Одделение за уредување на градежно земјиште, реконструкција, изградба и одржување на локални патишта и улици.

6.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2008 година;
*Во текот на 2008 година ќе бидат разгледувани на Совет сите изработени урбанистички планови во Нацрт и Предлог фаза.

-предлагач: Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.

7.Извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор за 2007 година и План за работа за 2008 година.

*Извештај за работата на овластен комунален инспектор и инспектор за заштита на животна средина за 2007 година;
*План за работа на овластен комунален инспектор и инспектор за заштита на животна средина за 2008 година;
*Извештај за работата на овластен инспектор сообраќај и патишта за 2007 година;
*План за работа на овластен и инспектор сообраќај и патишта за 2008 година;
*Извештај за работата на урбанистичко-градежниот инспектор за 2007 година;
-предлагач: Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат.

8.Програма за работата на Советникот за образование, култура и спорт за 2008 година;
-предлагач: Советник за образование, култура и спорт;
9.Годишна програма за ЛЕР;
предлагач: Одделението за ЛЕР.
10.Годишна сметка на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево за 2007 година;
11.Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево;
предлагач: Училишен одбор на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево.

12.Годишна сметка на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево за 2007 година.
13.Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ОУ"Св.Климент Охридски"-Делчево;
предлагач: Училишен одбор на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево;

14.Годишна сметка на СОУ "М.М.Брицо"-Делчево за 2007 година;
предлагач: Училишен одбор на на СОУ "М.М.Брицо"-Делчево.

15.Завршна сметка на ОЈУДГ "Весели цветови"-Делчево за 2007 година;
-предлагач: Управен одбор на ОЈУДГ "Весели Цветови"-Делчево.

**Март/Април 2008**

1.Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2007 година;
-предлагач: Градоначалникот на Општината.
2.Локален акционен план за образование;
3.**Цост - бенефит** анализа за развој на Голак во туристички центар.
4.Зелена агенда за централно градско подрачје;
предлагач: По точките 2,3 и 4 Одделението за ЛЕР.

5.Завршна сметка на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2008 година;

предлагач: Управен одбор на ЈЛБ "Илинден"-Делчево.
6.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2007 година;
7.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици на подрачјето на општина Делчево за 2007 година;
-предлагач: Одделение за уредување и одржување на гредежно земјиште, изградба и одржување на патишта и улици.

8.Завршна сметка на ЈПКД "Брегалница"-Делчево за 2007 година;
-предлагач: Управен одбор на ЈПКД "Брегалница"-Делчево.

**Мај-Јуни**

1.Програма/Мерки за одредени ослободувања од комунални давачки за потенцијални инвеститори во општина Делчево;
предлагач:-Одделение за ЛЕР.

2.Годишен извештај за работата на ОУ,,Св.Климент Охридски;
-предлагач:Училишен одбор на ОУ,,Св.Климент Охридски,, Делчево

3.Годишен извештај за работата на ОУ,,Ванчо Прке,,Делчево;
-предлагач: Училишен одбор на ОУ,,Ванчо Прке,,Делчево
4.Полугодишен Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево;
-предлагач: Командир на Полициска станица-Делчево.
**Јули/Август**
1.Правилник за даночни олеснувања на нови бизниси;
-предлагач: одделението за ЛЕР.
2.Годишен извештај за работата на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево;
-предлагач: Училишен одбор на ОУ "Ванчо Прке".
3.Годишен извештај за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево;
-предлагач: Училишен одбор на ОУ " Св.Климент Охридски ".
4. Годишен извештај за работата на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево;
-предлагач: Училишен одбор на ОУ " Св.Климент Охридски ".
5.Годишен извештај за работата на СОУ "М.М.Брицо"-Делчево;

**Септември-Октомври**
1.Годишна Програма за работа на ОУ,,Св.Климент Охридски,, Делчево;
-предлагач:Директор,Училишен одбор на ОУ,,Св.Климент Охридски,, Делчево.

2. Годишна Програма за работа на ОУ,,Ванчо Прке, Делчево;
-предлагач:Директор, Училишен одбор на ОУ,,Ванчо Прке,, Делчево.

3. Годишна Програма за работа на СОУ,,М.М.Брицо"-Делчево;
-предлагач:-Директор, Училишен одбор на СОУ,,М.М.Брицо,, Делчево.

**Ноември/Декември**

1.Буџет на Општина Делчево за 2009 година

2.Одлука за извршување на Буџетот на Општината Делчево за 2009 година;
-предлагач на точките 1и 2:
Градоначалникот на Општина Делчево.

3.Стратегија за развој на туризмот во микро-регион Пијанец-Малешево
-предлагач: Одделението за ЛЕР.

4.Водич за инвеститори;
предлагач: Одделението за ЛЕР.

5.Извештај за работата на ЈЛБ "Илинден" -Делчево за 2008 година;
6.Програма за работа на ЈЛБ "Илинден" -Делчево за 2009 година;
7.Финансиски план на ЈЛБ "Илинден" на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2009 година;
-предлагач:По точките 5,6 и 7-Управен одбор на ЈЛБ "Илинден".

8. Финансиски план на СОУ"М.М.Брицо"-Делчево;
-предлагач: Директор на СОУ "М.М.Брицо".

9.Финансиски план на ОУ "Ванчо Прке"-Делчево;
-предлагач: Директор на ОУ "Ванчо Прке".

10. Финансиски план на ОУ "Св.Климент Охридски"-Делчево;
-предлагач: Директор на "Св.Климент Охридски".

11.Програма за работа на Советот на Општината Делчево за 2009 година
-предлагач: Комисијата за изработка на Програмата;

12.Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општината Делчево за 2009 година;

13.Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево за 2009 година;

14.Програма за уредување и одржување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2009 година;
предлагач на точките 12,13 и 14 Сектор за урбанизам и заштита на животната средина, комунални дејности, уредување и одржување на градежно земјиште и изградба и одржување на локални патишта и улици.
15. Годишен Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево;
-предлагач: Командир на Полициска станица-Делчево.

Советот на Општина Делчево во текот на 2008 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот, именува и разрешува членови во органите на управување на истите и сл.

Исто така во тековната година согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината.

Програмата не е затворена и може да се надополнува ако се јави потреба

.

**Број 07-63/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.01. 2008 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Кирчо Иванов,с.р.**

Врз основа на член 42 и 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.53/2001) член 3 став од Статутот на Општина Делчево (Сл.гласник на Општина Делчево 12/2006) , Советот на Општина Делчево на седницата одржана својата 25.седница одржана на ден 30.01. 2008 година,, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град Делчево за 2008 година**

**ПРАВЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на градот Делчево за 2008 година претставува основа по која ке се врши уредувањето на градежното земјиште во градот во тековната 2008 година,а ке се одвива по следните активности:

1.Просторот -локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма;
2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура;
3.Извори на финансирање на Програмата;
4.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба ;
5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии);
6.Останати активности;
7.Износот од висината на средствата кои ке бидат остварени .

Во текот на 2008 година во градот Делчево ќе се врши уредување на градежното земјиште со основен степен на уредување под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (пробивање), изградба на елетрична мрежа, изградба на водоводна мрежа и изградба на мрежа за фекална канализација, и тоа на следните локалитети:

а)Населба "Милково брдо"
б)Населба "Ново Делчево"
в)Локалитет "Шумски расадник"
г)Населба "Станбена зона " до Спортско-рекреативен центар
д)Населба " Ѕвегорска река "
ѓ)Локалитет"Стрелиште" и "Стар Монопол"
е)Локалитет "Стара Партизанка"и "Пекара"
ж)Населба "Старо Делчево"
з)Населба "Стар Расадник" и "Д2"
ѕ)Населба "Басарица"
и) Населба "Пролет"
ј)Локалитет"Индустриска зона" и "Сервисна зона"
к)Локалитет "Стопански комплекс"

**2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура**

Степенот на уредувањето на градежното земјиште ке се врши со делумно уредување со изведување на следните работи и по локалитети:

Изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (пробивање), изведување на водоводна и канализациона мрежа и НН електрична мрежа , за приклучоци до градежната парцела ( не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот).

**а) Локалитет "Милково брдо"** во Делчево

Во текот на 2008 година на локалитетот "**Милково брдо**" предвидени се следните активности:

-Реконструкција и санација(крпење на ударни дупки, прекопи и др) на улици

-Изградба на улици и пристапни патеки

-Реконструкција на водоводна мрежа- Изградба атмосверска канализација и поставување на решетки

-Изградба на ниско напонска електрична мрежа

**б) Населба "Ново Делчево" во Делчево**

Во текот на 2008 година на овие локалитети ке се работи на следните активности:

-Реконструкција и санација(крпење на ударни дупки, прекопи и др) на улици

-Реконструкција на водоводна мрежа

-Реконструкција на канализација

-Изградба на дел од канализациона мрежа за станбени згради
-Изградба на НН-мрежа и трафостаница
- Уредување на парк

**в) Локалитет "Шумски расадник"** во Делчево

Во текот на 2008 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-Изработка на главни проекти за улици,канализација и НН- мреж со трафостаница
-Изработка на идејни и основни проекти за атмосверска канализациона мрежа
-Пробивање на улици,
-Изградба на НН-електрична мрежа, 10 КВ приклучен вод и 10/04 КВ-трафостаница

**г) Населба "Станбена зона"** до Спортско рекреативен центар

Во текот на 2008 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-пробивање на улици
-Изградба на водоводна мрежа
-Изградба на фекална канализациона мрежа
-Изградба на НН-електрична мрежа, 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница
-Дислокација на 10 КВ далековод
-Дислокација на НН мрежа

**д) Населба ,,Ѕвегорска река"**

Во текот на 2008 година на овие локалитети предвидени се следните активности:

-Изработка на проекти за улици
-пробивање на улици
-Изградба на водоводна линија
-Изградба на НН-електрична мрежа, 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница
-Изградба на плочаст пропуст на Ѕвегорска река

**ѓ) Населба "Стар Монопол"** и **"Стрелиште"**

Во текот на 2008 година во овие локалитети предвидени се следните активности:

-Изработка на проекти за улици,водовод,канализација и НН мрежа
-Изградба на пристапни улици и краци
-Изградба на канализациона мрежа
-Реконструкција на водоводна линија
-Дислокација на канализациона линија
-Изградба на тротоари и реконструкција на улица ,,М.Тито,,(од касарната до населбата ,,Стар Монопол,,)

**е) Населба "Стара Партизанка" и "Пекара"-**Делчево

Во текот на 2008 година предвидени се следните активности:

-Изградба на улици

-Изградба на водоводна линија

-Изградба на фекална канализација

-Изградба на НН-електрична мрежа, 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница

-Дислокација и доградба на дел од Колекторот на ул. ,,8-ми септеmvri,,

**ж) Населба "Старо Делчево"**(И,ИИ , ИИИ-ти реон) во Делчево

Во текот на 2008 година предвидени се следните активности:

-Изградба,доградба и реконструкција на улици и пристапни краци

-Регулација на ендеци

-Реконструкција на водоводна мрежа

-Изградба и реконструкција на канализациони линии

-Изработка на метални решетки за атмосверска вода

-Изработка на решетки за прибирање на атмосверска вода

**з) Населба "Стар Расадник"** и "**Д-2**"

Во текот на 2008 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

- Измена и дополнување Елаборат за експропријација

-Изработка на проекти за улици,водовод,канализација и НН електрична мрежа

-Пробивање и изградба на улици и краци

-Изградба на водоводна мрежа

-Изградба и доградба на фекална канализација

-Изградба на НН-електрична мрежа, 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница

**ѕ ) Населба "Басарица"**во Делчево

Во текот на 2008 година предвидени се следните активности:

-Изработка на проекти за улици

-Пробивање на улици

-Изградба на водоводна мрежа

-Изградба на фекална канализација

-Довршување на НН-електрична мрежа со изградба на 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница

**и) Населба ,,Пролет,,** во Делчево

- Дислокација на постоека водоводна линија

-Пробивање на улици

-Изградба на водоводна мрежа

-Изградба на фекална канализација

-Изградба на НН-електрична мрежа со изградба на 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница

**ј) "Индуструска и сервисна зона"** и "**Сервисна зона**" во Делчево

Во текот на 2008 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-Изработка на проекти за и НН електрична мрежа
-Изградба и довршување на улици,
-Изградба на водоводна мрежа
-Изградба на фекална канализација
-Изградба на ниско напонска електрична мрежа ,
-Дислокација на 10 КВ далековод

**к ) Локалитет "Стопански комплекс**"во Делчево

-Во текот на 2008 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-Изработка на проекти за улици,водовод,канализација и НН електрична мрежа
-Пробивање и изградба на улици
-Изградба на НН-електрична мрежа со изградба на 10 КВ приклчен вод и 10/04 КВ-трафостаница

**3.Извори на финансирање**

Очекуван прилив на срества за уредување на градежно земјиште (комуналии) во текот на 2008 година

3.1. Населба Милково Брдо
-инд.станбени згради 3 x 120.000,00 = 360.000,00 ден.
-деловни објекти 1 x 150.000,00 = 150.000,00 ден.
-доградби на инд.стан згр. 35 x 30.000,00 = 150.000,00 ден.
3.2. Насела ,,Станбена зона,, 4 x 150.00,00 = 600.000,00 ден.
3.2. Населба Ново Делчево
-деловни објекти 7 x 40.000,00 = 280.000.00ден.
3.3. Населба Старо Делчево
- инд.станбени згради 3 x 100.000,00 = 300.000,00 ден.
- деловни објеки 1 x 200.000,00 = 300.000,00 ден.
3.4. Населба Басарица
-инд.станбени зградии 5 x 150.000.00 = 750.000,00 ден.
3.5.Стопански комплекс
-стопански објекти 7x 80.000,00 = 560.000,00 ден.
3.6. Индустриска и Сервисна зона
-Инд.и сервисни објекти 6 x 200.000,00 = 1.200.000,00 ден.
3.7.Населба ,,Стрелиште,,
-изградба на инд. Стан.згр. 2 x 140.000,00 = 280.000,00 ден.

3.8. Заостанати долгови за комуналии
3.070.000,00

=======================

**Вкупно:** **8.000.000,00 ден.**

Очекувани се и средства кои ќе бидат доделени по поднесени барања ( по Огласи, Програми. Конкусри и др), од страна на Владата на Р Македонија и други донатори.

4.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба

**а )Населба "Милково брдо"**

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 100.00 |
| -пробивање на улици | 290.00 |
| -водовод | 290.00 |
| -канализација | 240.00 |
| -електрика | 460.00 |
| ========================== | |
| ВКУПНО | 1.395.00ден./м2 |

**б) Населба "Ново Делчево"** во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 240.00 |
| -канализација | 220.00 |
| -електрика | 550.00 |
| =========================== | |
| ВКУПНО | 1.550.00ден./м2 |

**в) Населба "Шумски расадник"** во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 310.00 |
| -канализација | 290.00 |
| -електрика | 650.00 |
| =========================== | |
| ВКУПНО | 1.550.00ден./м2 |

**г) Населба " Станбена зона"** до Спортско рекреативен центар

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 230.00 |
| -канализација | 290.00 |
| -електрика | 650.00 |
| ============================ | |

ВКУПНО 1.550.00ден./м2

**д) Населба "Ѕвегорска река "** во Делчево

- геодетски работи 32.00
- урбанистички планови 64.00
- проектирање(улици,водовод), канализација и електрика ) 100.00
- пробивање на улици 250.00
- водовод 180.00
- канализација 362.00
- електрика 420.00

==============================

**ВКУПНО 1.408.00ден./м2**

**ѓ )Населба "Стар Монопол"** и **"Стрелиште"** во Делчево

-геодетски работи 15.00

-урбанистички планови и проекти 55.00

-пробивање на улици 300.00

-водовод 240.00

-канализација 270.00

-електрика 460.00

==============================

**ВКУПНО 1.340.00ден./м2**

**е) Населба "Стара Партизанка"** и **"Пекара"** во Делчево

-геодетски работи 15.00

-урбанистички планови и проекти 100.00

-пробивање на улици 290.00

-водовод 290.00

-канализација 240.00

-електрика 615.00

=============================

**ВКУПНО 1.550.00ден./м2**

**ж) населба "Старо Делчево"** во Делчево

-геодетски работи 15.00

-урбанистички планови и проекти 55.00

-реконструкција на улици 360.00

-водовод 240.00

-канализација 210.00

-електрика 460.00

============================

ВКУПНО 1.340.00ден./м2

**з )Населба "Стар расадник"**и **"Д-2"** во Делчево

-геодетски работи 15.00

| | |
|---|---|
| -урбанистички планови и проекти | 45.00 |
| -пробивање на улици | 250.00 |
| -водовод | 220.00 |
| -канализација | 230.00 |
| -електрика | 510.00 |
| | ============================ |
| **ВКУПНО** | **1.270,00ден./м2** |

**S) Населба "Басарица"**во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 32.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 64.00 |
| -пробивање на улици | 250.00 |
| -водовод | 200.00 |
| -канализација | 340.00 |
| -електрика | 522.00 |
| | ============================== |
| **ВКУПНО** | **1.408.00ден./м2** |

**и) Населба „Пролет,, во Делчево**

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 35,00 |
| -урбанистички планови и проекти | 65,00 |
| -пробивање на улици | 200,00 |
| -водовод | 450,00 |
| -канализација | 400,00 |
| -електрика | 750,00 |
| | ============================== |
| **ВКУПНО:** | **1.890,00 ден/м2** |

**ј)Населба " Индустриска и сервисна зона** " и "**Сервисна зона**"

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 40.00 |
| -пробивање на улици | 255.00 |
| -водовод | 180.00 |
| -канализација | 210.00 |
| -електрика | 500.00 |
| | =========================== |
| ВКУПНО | 1.200.00ден./м2 |

**к) Локалитет "Стопански комплекс" во Делчево**

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 40.00 |
| -пробивање на улици | 255.00 |
| -водовод | 180.00 |
| -канализација | 210.00 |
| -електрика | 500.00 |
| | ============================== |

ВКУПНО 1.200.00ден./мк)

**љ) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни објекти и простории по населби**

- Населба "Милково брдо" во Делчево.......................... 1.674,00 ден/м2
-Населба "Ново Делчево" во Делчево ......................... 1.860,00 ден/м2
-Локалитет "Шумски расадник" во Делчево............... 1.860,00 ден/м2
-Локалитет "Станбена зона" до СРЦ во Делчево...... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Звегорска река" во Делчево....................... 1.690,00 ден/м2
-Локалитет "Стрелиште" и "Стар Монопол" ........... 1.608,00 ден/м2
-Локалитет "Стара Партизанка" и "Пекара" ........... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Старо Делчево" во Делчево ...................... 1.608,00 ден/м2
-Деловни објекти и простории на ул."М.Тито" до почеток на локалитетот "Стрелиште" во делчево.... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Стар Расадник" во Делчево...................... 1.524,00 ден/м2
-Населба "Басарица" во Делчево............................... 1.690,00 ден/м2
-Населба ,,Пролет,, во Делчево __________________ 2.190,00 ден/м2

**5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)**

5.1.Надоместок за уредување на градежно земјиште за надградба , како и доградба до 20% од постојниот габарит на објектот изнесува 50% од цената во зависност од населбата и зоната каде се наоѓа објектот .

5.2.Инвеститорот кој ќе гради нов објект на локацијата на која треба да се руши стар објект се ослободува од плаќање за површината од стариот објект и ја плаќа разликата за површината до вкупната површина од новиот објект Ослободувањето може да биде највеќе до 50% од новопредвидената површина

5.3.При темелна реконструкција на стар објект инвеститорот ќе плаќа 50% од Вкупната корисна површина

5.4.За новоуцртани локалитети :

5.4.1. За населба **Басарица -** каде се предвидени површини за градење со ДУП , предвидените површини треба да претставуваат основа за габарит на објектот , а ќе се наплаќа од нето градежна површина.

5.4.2.За населбата ,,**Станбена зона,,** до Спортско рекреативниот центар каде со ДУП се дадени максимални површини за градење да се усвојуваат проекти со минимални габарити :за површина за градење предвидена со ДУП до 120 м2 површина за градење да биде основа за габарит на објектот.

а)за површина за градење од 121 - 150 м2 да се прифаќа минимален габарит 10 х 12 м.

б)за површина за градење над 150 м2 да се прифаќа минимален габарит 10 х 14 м.

Во сите три горенаведени случаи се наплаќа од нето корисна површина .

5.4.3. за населбата ,,Пролет,, во Делчево каде со ДУП се дадени максимални површини за градење да се усвојуваат проекти со минимални габарити И тоа:

а) за површина за градење предвидена со ДУП до 120 м2 површина за градење да биде основа на габаритот на објектот

б) ) за површина за градење предвидена со ДУП од 121-150 м2 површина за градење да се прифаќа минимален габарит од 120 м2
в) за површина за градење предвидена со ДУП над 150 м2 површина за градење да се прифаќа минимален габарит од 140 м2
г) Предвидените објекти со ДУП можат да се градат фазно по висина од кои првата фаза да биде со минимум висина на кота на венец 7,20 м1

5.5.Трошоците за уредување на градежно земјиште се пресметуваат врз основа на корисната површина што ќе се гради , која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот ,согласно заверената проектна документација , помножени со следните коефициенти

**5.5.1.станбени објекти**

| | |
|---|---|
| -станбени простории | 1.00 |
| -лоѓија и балкони | 0.20 |
| - помошни простории,остави , котлари, трафостаници во објекти , визби | 0.30 |
| -гаражи | 0.10 |
| - станбени простории со висина до 2,5 м(поткровја) | 0.10 |

**5.5.2.Деловни објекти, јавни и производни објекти**

| | |
|---|---|
| -простории | 1.00 |
| -магацини,просторииво визба | 0.40 |
| - гаражи | 0.10 |

**5.5.3.Други објекти**

| | |
|---|---|
| -спортски покриени објекти | 0.50 |
